ОСВРТ

# Музејот како наш натамошен долг

ДЕЈАН БУЃЕВАЦ

## КОН КНИГАТА „МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ, СКОПЈЕ, 1964 - 1976“ НА Д-Р БОРИС ПЕТКОВСКИ

Неодамна во издание на едицијата "Досие МСУ" при Музејот на современата уметност во Скопје, излезе од печат книгата на д-р Борис Петковски со наслов "Музеј на современата уметност - Скопје, 1964 - 1976".

Како што кажува и самиот наслов, книгата на Петковски пренесува еден културолошки пресек, еден панорамски приказ за една определена епоха во која започнувал и дејствувал споменатиот Музеј. Може да се дефинира и како општествена монографија за културниот развој на МСУ, бидејќи со дадената хронолошка застапеност за општествените настани поврзани со МСУ, со целосното покривање на изложбените активности во тој временски оквир, со сопствените интерпретации за состојбата на нештата во тогашниот идеолошки модел, со презентирањето на интересни лични искуства околу создавањето на музејската физиономија, авторот ја ослободува книгата од рамките на чистата статичка фактографија, од класичната збирка за мноштвото наброени "монографии". Со овој собран материјал на едно место, Петковски приложува прегледна податливост за институционализираноста на идејата за формирање на Музеј за модерната ликовна уметност. Балансирајќи во погледот за неутралност, авторот успева во методолошкиот пристап за еден сеопфатлив прилог, за тоа како се дошло и како се реализирала социолошката потреба за една функционална- институционална моќ во современата ликовна уметност во Македонија. На тој начин авторот успева да го позиционира МСУ во референтна целина, високо еднаква на модерните музеи во тогашната СФРЈ и во однос на сегашнава Југоисточна Европа.

Времето кое е определено тематски за книгата е истото во кое, како што пишува Мишко Шуваковиќ "*институцијата музеј ги издржа сите критички удари (индивидуални екцеси, одбивање за изложување, дематеријализацијата на уметничкиот објект и теориската-критичка институционална анализа), за да од средината на 70тите и во текот на 80тите дојде до ширење на мрежата музеи, до настанување на новите музеи, и до потврдување на клучните вредносни и историски функции на музеите за промовирање на новите уметнички движења на постмодернизмот*". Секако оваа констатација повеќе се однесува на музеите од развиените земји на Запад, отколку на земјите координати кои припаѓаат на Бермановиот поим "модернизмот на неразвиеноста". Според Берман, "*модернизмот во овие земји не произлегува, како во индустриските развиени земји на Запад, од реалните економски услови, туку од сонот за модернизмот*".

Но она што е најважно за МСУ, а тоа го приложува и материјалот на книгата, е дека оваа установа изврши нешто што е многу побитно дури и од самото ослободување на уметничките претензии кои се случиле кај македонските уметници во 20 век. А тоа е, дека преку МСУ, се реализира општествената нужност за **историографија** на ликовната модерна во македонската современа уметност. Во таа рамка, МСУ ќе се утврди како инструмент од највисока важност за Македонија. Независно од тоа дали сите уметници што се историзирани преку МСУ го заслужуваат тоа осовременување. Ако општо кажано, една од главните задачи на модерните музеи е да извршува историзација на актуелните моменти во современата уметност за да ја постави пред публиката како музејски конечен смисол, таа историчност на модерната МСУ ја исполни.

Од друга страна, историографијата што е презентирана во книгата е интересна и за согледување на МСУ низ призмата на еден блиску одминат идеолошки модел. За еден период, чие спорно емотивно минато сеуште нема прецизно вреднување (секако, ако е тоа воопшто возможно во својата прифатливост/неприфатливост од оваа временска дистанца).

Книгата во својот заклучок завршува со констатацијата за "натамошното дејствување на Музејот како наш меѓународен долг...". Се чини дека тука се наоѓа и одговорот за иднината на оваа врвна државна установа. Независно од хроничните проблеми од кои боледува МСУ со години наназад, потребно е во едно активно сеќавање да се сочуваат спечифичните причини за неговото настанување истовремено, задржувајќи ја својата посебност (ако може) во дејствувањето.

Utrinski, 22.1.02, 20